## Levi Strauss ја зголеми контролата

Levi Strauss & Co. вработува околу 5000 луѓе и управува со 50 производствени капацитети во повеќе од 110 земји. Во 2005 година компанијата одлучи дека и е потребна поверодостојна и по прецизна контрола на инвентарот.

Започнуваат со пилот проекти за имплементација на EPC/RFID означени продукти и технологии во своите продавници, дистрибутивни и производствени центри во Мексико. Врз основ на добиените резултати од пилот проектите Levi Strauss одлучуваат да ја прошират примената на GS1 EPC/RFID стандардот за унапредување на своите деловни процеси во сите останати продавници.

Добиените резултати од EPD/RFID имплементацијата се импресивни:

- Намалување на резервите на продукти во продавниците од претходните 4 месеци на 2 месеци
- Зголемена точност на 99% при правење на попис и споредба на физичката роба со таа во системот
- Зголемена продажба за 11%
- Намалаување на изгубената продажба за 40% која настанува како резултат на недостаток на потребната роба во одреден период

„GS1 стандардите ни дозволија да имаме зголемена ефикасност низ нашиот омни-канал синџир на снабдување, унапредувајќи го позитивното искуство на нашите потрошувачи и зголемувајќи ја профитабилноста на нашите партнери“

– Terry Murphy, директор на националниот дистрибутивен центар, John Lewis

**За GS1**

GS1 е неутрална, непрофитна, глобална организација која го развива и одржува најраспространетиот и најкористениот систем на стандарди за примена во синџирите на снабдување ширум светот. GS1 стандардите ја подобруваат ефикасноста, безбедноста и видливоста низ синџирите на снабдување во и меѓу различните сектори. Со повеќе од 110 локални национални организации, GS1 е во тесна поврзаност со заедницата на трговски партнери, индустриски организации, влади и технолошки провајдери, а со цел да ги разбере и да одговори на нивните бизнис барања преку имплементација на глобални стандарди. GS1 се развива и управува од повеќе од еден милион компании, кои прават повеќе од шест милијарди трансакции дневно во повеќе од 150 земји со користење на GS1 стандардите. **GS1 Македонија е единствена организација овластена од GS1 Глобалната организација за доделување на GS1 бар кодовите,развивање и управување со GS1 системот на стандарди на територијата на Република Македонија. Дознајте повеќе на www.gs1mk.org**

**GS1 Македонија**

Директор: Слаѓана Милутиновиќ

ул. Даме Груев бр.5
1000 Скопје, Република Македонија
**T** +389 (0)2 32 54 250
**E** gs1mk@gs1mk.or.mk

**www.gs1mk.org**

5 310000 000319

GS1 is a registered trademark of GS1 AISBL.
All contents copyright © GS1 AISBL 2015
Printed on recycled paper

GS1 Македонија

The Global Language of Business

# Трансформирање на малопродажниот синџир на снабдување

## Текстил и обувки





„Имплементација на EPC компатибилната RFID технологија е еден од најбитните технолошки чекори што Macy's ги презеде за унапредување на перформансите на својот синџир на снабдување и поврзаноста со своите потрошувачи во последните 20 години. Оваа технологија е еден од клучевите на успехот на нашата продажба преку различни канали и бидејќи досегашните резултати се позитивни, ние планираме да ја прошириме нејзината употреба како што нашиот бизнис расте и да ја зацврстиме лојалноста на нашите потрошувачи"

Peter Longo, претседател на логистика и операции во Мејси

# Соработка во динамичната индустрија на трговија на мало

Во денешниот свет каде трговија се одвива преку повеќе канали, потрошувачите ја имаат целата контрола. Тие преку социјалните мрежи, онлајн пребарувањето и мобилните апликации имаат директен пристап до информациите за продуктот кој одлучуваат да го купат или не.

Потрошувачите живеат во околина каде што имаме брза промена на стиловите што повлекува брза продажба на продуктите и огромен број на продукти со кои треба да се управува. Од гледна точка на добавувачите, производството на стоки за продажба на мало е комплексно и вистински глобално, каде брендовите и производителите зависат од суровини и работна сила од различни точки на земјата.

Динамичната индустрија на трговија на мало има потреба од зголемена соработка низ целиот синџир на снабдување за да може се зголеми достапноста на продуктите на пазарот и самата ефикасност на синџирот на снабдување. Партнерите кои се дел од индустријата за текстил за да одговорат на новите барања на пазарот решението го пронашле во подобрување на процесите за набавка и управување со инвентар.

## Точност на инвентар со користење на EPC/RFID

Лидерите во текстилната индустрија започнуваат да „тагираат во изворот" со нанесување на GS1 EPC/RFID тагови во точката на нивно производство. Преку користење на стандардизирани идентификатори за продукти – Серијализирани глобални броеви за идентификација (SGTIN), вметнат во EPS тагови, производителите можат да обезбедат вистинска видливост на продуктите кои патуваат од дистрибутивните центри до продавниците.

Сопствениците на брендовите го користат EPC за лесна проверка на точноста и содржината на примената пратка, секоја пратка е идентификувана со GS1 сериски број на контејнер за испорака (SSCC). Сопствениците со користење на овие идентификатори и соодветна ИТ инфраструктура можат да го следат процесот на испорака на пратките од една до друга точка, а со цел намалување на бројот на фалсификат продукти кои влегуваат во регуларниот синџир на испорака.

Дистрибутерите можат да го следат прогресот на пратките што доаѓаат или заминуваат преку EPCIS, тоа е GS1 стандард кој што се користи за споделување на информации за физичката локација и статусот на продуктот. Оваа зголемена видливост овозможува следење на продуктот назад до изворот од каде што потекнува со цел да се потврди неговата автентичност и потоа следење на неговата патека до продавницата во која што истиот треба да биде доставен.

EPC таговите се користат од дистрибутерите за потврда дека вистинските продукти се вклучени во пратките и дека нивните бази на податоци со информации за продуктите се автоматски ажурирани. Кога пратките пристигнуваат на нивната дестинација, продавниците ги читаат EPC таговите и со тоа потврдуваат дека ги имаат добиено вистинските продукти.



EPC/RFID технологијата им помага на продавниците да ги следат нивоата на залихи на секој одделен продукт, што во пракса значи минимизирање на недостаток од дадени продукти и без попис на продукти. EPC може да се користи и на каса при заведување на трансакциите како и во намалување на кражби преку електронско следење на продуктите во продавницата. Иновативните решенија на EPC/RFID можат да им помогнат на продавачите во создавање на „паметни гардеробери" каде потрошувачите со скенирање на продуктот веднаш можат да добија информации за достапните бои, големини и модни совети за продуктот што сакаат да го купат.

## Секогаш точни нарачки со GS1 стандардите

Друга голема можност за индустријата за текстил и обувки е користењето на GS1 стандардите во процесите на испорака на роба.

GS1 идентификационите клучеви како Глобалниот број на трговска единица (GTIN) и Глобалниот локациски број (GLN) во комбинација со GS1 стандардите за електронска комуникација (EDI) можат да се користат во процесите на нарачка, исполнување на нарачката и фактурирање. Бенефит – секогаш точно споделување на информации за продуктите и локациите во синџирот на снабдување.

Употребата на EPC/RFID на продавниците им овозможува целосна контрола врз инвентарот со кој располагаат – набавки се прават само за продуктите кои се потребни. GTIN броевите на продуктите можат да бидат прикажани во нарачките и истите да бидат доставени преку EDI за побрзо процесирање.

Дистрибутивните центри ја исполнуваат нарачката преку собирање и читање на порачаните продукти за да обезбедат достава на вистинските продукти во вистинските продавници. Испратниците се разменуваат електронски уште пред да пристигнат продуктите на местото на испорака. По нивното пристигнување продавниците многу лесно и едноставно можат да проверат дали порачаните продукти се идентични со пристигнатите. Фактурите исто така можат да ги содржат GTIN броевите на применените продукти за попрецизно и побрзо електронско плаќање.

Предуслов за имплементирање на овие ефикасни процеси е – поседување на точни и прецизни матични податоци, овој услов денес е од големо значење, особено во електронската комерција.

Со прифаќањето на GS1 стандардите, партнерите од индустријата за текстил и обувки можат да го поедностават комплексниот и сложен глобален синџир на снабдување во овој сектор и на тој начин да ги продлабочат постојните деловни врски и да привлечат нови деловни партнери. Зголемувањето на омни-канал трговијата и зголемувањето на деловните партнери, го прави имплементирањето и прифаќањето на глобалните стандарди се по ургентно.

„Одлучивме да ги следиме GS1 стандардите преку употреба на EPC/RFID за идентификација на пратките и поедините продукти со цел споделување на овие податоци со нашите партнери преку EPCIS. Преку користење на GS1 стандардите низ целиот синџир на снабдување, ние се ослободивме од големата комплексност на овој синџир и го забрзавме пласирањето на продуктите на пазарот."

Joachim Wilkens, раководител на сектор за развој на синџир на снабдување, C&A Европа

**Научете како GS1 стандардите можат да ги унапредат вашите деловни процеси.**

Посетет не на www.gs1mk.org




Со GLN се идентификуваат различни типови на локации како згради или оддели. • Со GTIN уникатно се идентификуваат трговски единици како продукти или сервиси.

SGTIN е серијализиран GTIN кој уникатно идентификува индивидуални трговски единици • SSCC идентификува логистички единици како кутии, палети или парцели.